# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ

# Месечна информација
# 1/2012

Февруари, 2012 година

**Резиме**

**Во согласност со согледувањата за релативно поволен макроекономски амбиент, НБРМ и во првиот месец на 2012 година ја задржа основната каматна стапка на нивото од 4%. Расположливите информации за макроекономските движења во овој период главно беа поволни. Воедно, и покрај ризиците, изгледите за наредниот период не упатуваа на поголеми промени во амбиентот, што би наметнале потреба од промена на тековните монетарни услови.** Во текот на јануари, движењата на девизниот пазар беа стабилни, а девизните резерви се задржаа на адекватно ниво. Од аспект на инфлацијата, во јануари беше забележан раст на месечна основа, главно предизвикан од зголемувањето на регулираните цени на енергијата. **Годишната стапка на инфлација во јануари 2012 година изнесува 3,4%**. Истовремено, **базичната стапка на инфлација забележа нагорно придвижување и изнесува 1,3%**. Ваквите инфлациски придвижувања се во согласност со проектираната патека на движење на цените, според која се очекува дека инфлацијата ќе забави во текот на првиот квартал. **Девизните резерви не забележаа позначителна промена во однос на крајот на 2011 година и се одржуваат на соодветно ниво.** Сепак, и покрај релативно поволниот амбиент за спроведување на монетарната политика, ризиците поврзани со неизвесноста околу надминувањето на должничката криза во евро-зоната и ефектите врз глобалната и домашната економија и натаму постојат, што наметнува потреба од натамошно претпазливо водење на монетарната политика.

**Расположливите високофреквентни податоци за економската активност во последниот квартал на 2011 година упатуваат на влошена производна активност и забавена надворешнотрговска размена.** Така, **физичкиот обем на индустриското производство** во декември забележа пад од 4,8% на годишна основа, што произлезе од намаленото производството на метали и метални производи и на електрична енергија. Со тоа, обемот на индустриското производство во текот на целиот последен квартал имаше негативна траекторија на движење и забележа годишен пад од 4,7%. Забавување на растот во последниот квартал е забележано и кај **извозот на стоки** (16,6%, наспроти 20,9% во третиот квартал), што се објаснува со забавениот раст на извозот на индустриски производи и енергија. Со оглед на намаленото производство и забавениот извоз, надолно прилагодување е забележано и кај **увозот на стоки,** којшто во четвртиот квартал бележи значително забавување на годишниот раст (7,8%, наспроти 22,1% во третиот квартал), поради понискиот увоз на обоени метали, железо и челик, како и нафта и нафтени деривати. **Од друга страна, нецелосните податоци за останатите сектори засега упатуваат на подобри остварувања.** Така, во периодот октомври-ноември, стапката на годишен раст на **вредноста на извршените градежни работи** изнесува 26,7% и забрзува во споредба со растот во третиот квартал (од 17,4%), што речиси во целост произлегува од ноемвриските остварувања. Забрзан годишен раст се забележува и кај прометот во **трговијата на големо** (7,9%, наспроти растот од 4,1% во третиот квартал), додека **сообраќајот во телекомуникациите** и натаму се зголемува со умерена динамика, а годишната стапка на раст достигна 21% (17,4% во претходниот квартал). Притоа, растот кај **трговијата на мало** е поумерен (4,5%) и забавува во однос на остварувањата во претходното тримесечје (раст од 10%).

**Индикативните категории на агрегатната побарувачка за последниот квартал, во реални показатели, упатуваат на задржување на темпото на годишен раст на личната потрошувачка од претходното тримесечје. Од**

**друга страна, показателите за инвестициите укажуваат на послаба инвестициска активност.** Согледувањата за *личната потрошувачка* произлегуваат од умерената динамика на раст на доходот на населението и на кредитите, од повисоките приходи од ДДВ забележани во четвртиот квартал, како и од забавениот раст на прометот во трговијата на мало во периодот октомври-ноември 2011 година. Согледувањата за *инвестициската активност* се засноваат врз падот на државните капитални инвестиции, увозот на средства за работа и на индустриското производство, како и на забавениот раст на кредитите на претпријатијата. Сепак, индикации во спротивна насока произлегуваат од забрзаниот годишен раст на извршените градежни работи и странските директни инвестиции во периодот октомври-ноември. **Согласно со последните проекции, во четвртиот квартал на 2011 година се очекува забавување на растот на економската активност и негово сведување на 0,7%, на годишна основа.**

Во согласност со последните расположливи податоци, **во периодот октомври-ноември 2011 година беше забележан дефицит во тековната сметка на билансот на плаќања од 33,3 милиони евра, или 0,5% од БДП,** што претставува стеснување на дефицитот за 0,2 п.п. од БДП во однос на истиот период од претходната година. Поволната динамика кај салдото се должи на повисоките приливи од приватни трансфери и од размената на услуги. Тековите кај **капиталната и финансиска сметка, во анализираниот период, беа речиси врамнотежени (минимални нето-приливи од 0,2 милиона евра).** Високофреквентните податоци во надворешниот сектор упатуваат на стеснување на трговскиот дефицит во декември 2011 година, а поволните движења на менувачкиот пазар (коишто беа посебно нагласени во последниот месец од 2011 година) продолжуваат и во првиот месец од 2012 година, со поумерена динамика. Ваквите остварувања се во прилог на очекувањата за остварување **суфицит во тековната сметка од 0,2% од БДП во четвртото тримесечје на 2011 година.** На 31.01.2012 година, **бруто девизните резерви** беа речиси на нивото од крајот на 2011 година, односно изнесуваа 2.067,2 милиона евра.

**Во јануари 2012 година** е забележан забрзан годишен раст на штедењето, при истовремено засилување на растот на кредитите на приватниот сектор. Така, **растот на вкупните депозити достигна 9,6% на годишна основа (9,2% во декември 2011 година),** предизвикан од зголеменото краткорочно штедење на населението, во домашна валута. Остварувањата кај депозитите на приватниот сектор се во рамки на јануарските очекувања за нивен годишен раст од 9,7% на крајот на првиот квартал од 2012 година. **Вкупните кредити кон приватниот сектор се повисоки за 9% на годишна основа (8,5% во декември),** за што и натаму најмногу придонесува растот на корпоративните кредити, со подолга рочност. Се очекува дека кредитирањето на приватниот сектор ќе продолжи да расте и на крајот на првиот квартал на 2012 година растот би изнесувал 8,3%[1], на годишна основа.

[1] Забавувањето на годишната стапка на раст на вкупните кредити во март во споредба со јануари 2012 година во најголем дел го одразува ефектот од споредбената основа (благо намалување на вкупните кредити во јануари 2011 година на месечна основа и релативно висок месечен раст во март 2011 година).

**Непроменета поставеност на монетарната политика во јануари...**




Извор: НБРМ.

Во јануари 2012 година, каматната стапка на благајничките записи на НБРМ се задржа на нивото од 4%, поставено во декември 2010 година.

**...при мало забрзување на месечниот раст на цените...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Во услови на раст на потрошувачките цени на месечна основа во јануари, годишните стапки на вкупната инфлација и на базичната инфлација бележат умерено нагорно придвижување, коешто е во контролирани рамки и во согласност со очекувањата.

**... и задржување на девизните резерви на адекватно ниво.**




Извор:НБРМ.

На крајот на јануари, девизните резерви изнесуваа 2.067,2 милиона евра и се речиси непроменети во однос на 31.12.2011 година.

**Во јануари годишната стапка на инфлација бележи умерено нагорно придвижување...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Месечниот раст на потрошувачките цени во јануари (од 1,2%) е предизвикан од растот на регулираните цени (електрична и топлинска енергија[2] и течни нафтени горива), а во помал дел и од повисоката цена на свежиот зеленчук (под влијание на сезонски фактори). Поради тоа, годишната стапка на инфлацијата умерено забрза и изнесува 3,4%[3], предизвикана главно од енергетската и прехранбената компонента.

**... а годишната инфлација во евро-зоната се задржа на 2,7%.**




Извор: Еуростат. *проценет податок

Во јануари, годишната стапка на инфлација во евро-зоната, според првичните проценки на Еуростат, се задржа на декемврискoто ниво (2,7%).

**Раст на цената на нафтата на светските берзи, под влијание на геополитички фактори.**




Извор: Управа за информации за енергетиката (The Energy Information Administration) - статистичка агенција на Министерството за енергетика на САД и НБРМ.

Просечната цена на суровата нафта на светските берзи, во јануари, забележа месечен раст од 4,2% и изнесуваше 112,4 САД-долари за барел. Нагорниот тренд продолжи и во првата половина на февруари, а просечната цена достигна 115,9 САД-долари за барел, главно поради геополитичките тензии на Блискиот Исток. На 13.02.2012 година, РКЕ донесе одлука за зголемување на малопродажните цени на нафтените деривати за 1,57%[4].

---

[2] Од 1 јануари 2012 година беше зголемена цената на електричната енергија за 7,83% и на парното греење за 10,8%.

[3] Доколку се исклучи ефектот од порастот на цената на електричната и топлинската енергија, инфлацијата во јануари би изнесувала 0,6% месечно, односно 2,5% годишно.

**Реалниот годишен пад кај платата во економијата се засили во ноември.**




Извор: ДЗС.

Во ноември нето-платата бележи номинален месечен пад (од 0,3%). Намалување на нето-платата е забележано во земјоделството и во индустријата, додека кај услугите беше забележано нагорно месечно придвижување. Во услови на забавен номинален раст на годишна основа, реалниот годишен пад на просечната нето-плата се продлабочи (-2,4% наспроти -1,7% во октомври).

**Пад на индустриското производство во декември...**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Во декември 2011 година, индустриското производство забележа намалување на месечна основа (мал раст врз основа на, сезонски прилагодените податоци). На годишна основа, индустриското производство четврти месец по ред бележи пад (4,8%).

**... при најголем негативен годишен придонес на производството на метали и на електрична енергија.**




Извор: ДЗС и НБРМ.

Годишниот пад се должи на намаленото производство кај петнаесет од дваесет и седум гранки, коишто сочинуваат 50,9% од индексот. Најголем индивидуален негативен придонес има намаленото производство на метали коешто четири месеци по ред бележи месечен и годишен пад, како и производството на електрична енергија, заради високата споредбена основа[5].

---

[4] Зголемувањето произлегува од посилниот раст на цената на суровата нафта на светските берзи (4,43%) во однос на апрецијацијата на денарот во однос на САД-доларот (од 1,93%), при истовремен раст на референтните цени на нафтените деривати на светскиот пазар.

[5] Во декември 2010 година е забележано високо производство на струја од хидроенергија, поради поволната хидролошка состојба во земјата.

**Зајакнат е оптимизмот на раководителите на претпријатијата во декември за производството во следните три месеци.**




Извор: ДЗС.

Оценката за тековната економска состојба на претпријатијата во преработувачката индустрија во декември е малку поповолна во однос на ноември, но сепак и натаму е видно понеповолна во однос на оценките дадени во текот на третиот квартал на годината. Воедно, јакне оптимизмот за производството во следните три месеци, при очекувања за повисоки набавни и продажни цени, како и поголем број вработени.

**Кај останатите сектори од економијата, годишниот раст се задржува и во ноември...**




Извор: ДЗС.

Кај останатите сектори на економијата и натаму се задржува трендот на годишен раст, а податоците за ноември 2011 година укажуваат на позабележително забрзување на растот кај вредноста на извршените градежни работи и минимално забавување на растот кај трговијата на мало.

**...така што и во периодот октомври-ноември сите сектори бележат раст...**




*Податоците за кв.4 2011 се однесуваат на периодот окт-ное 2011 година.

Извор: ДЗС и пресметки на НБРМ.

Во периодот октомври-ноември 2011 година, останатите сектори бележат реален раст на годишна основа. Вредноста на извршените градежни работи и телекомуникацискиот сообраќај бележат умерено забрзување на растот, кај трговијата на големо растот е релативно стабилен, додека кај трговијата на мало се забележува мало забавување на растот.

**...со сигнали за можно забавување кај градежништвото во наредниот период.**




Извор: ДЗС.

Вкупната вредност на издадените одобренија за градење во декември 2011 година продолжи да опаѓа на годишно ниво, што се должи речиси целосно на падот кај високоградбата.

Расположливите податоци за индикативните категории за агрегатната побарувачка[6] за последниот квартал главно се во согласност со очекувањата за забавување на годишниот раст на економијата во овој период (според јануарскиот циклус на проекции).

[6] Види прилог табели број 6, 7 и 8.

**Во ноември е забележано проширување на дефицитот на тековната сметка...**




Во ноември, беше забележан дефицит на тековната сметка (од 60 милиони евра), што претставува вообичаена сезонска појава. Негативното салдо на тековната сметка се зголеми на годишна основа, за разлика од подобрувањето на салдото во претходниот месец.

**... што најмногу се должи на зголемениот трговски дефицит...**




Ваквата годишна промена главно произлегува од проширувањето на дефицитот во размената на стоки, а во помал дел и од влошеното салдо кај доходот и намалениот суфицит кај услугите. Од друга страна, тековните трансфери делуваа во спротивна насока.

**... додека во капитално-финансиската сметка се забележани нето-приливи...**




Истовремено, во капитално-финансиската сметка беа забележани нето-приливи во износ од 37,4 милиони евра, што претставува зголемување на нето-приливите на годишна основа.

**... главно како резултат на директните инвестиции.**




Извор: НБРМ.

Забележаните капитални нето-приливи се однесуваат пред сè на директните инвестиции, а во помал дел и на трговските кредити. Од друга страна, позначителни нето-одливи беа забележани кај валутите и депозитите.

**Во декември, трговскиот дефицит бележи стеснување на годишна основа...**




Извор:ДЗС.

Во декември, дефицитот во размената на стоки забележа стеснување на годишна основа (за 34,4 милиони евра).

**... поради повисоката годишна стапка на раст на извозот во споредба со растот на увозот...**




Извор:ДЗС.

Извозот на стоки оствари годишна стапка на раст од 23,3%, додека увозот на стоки достигна највисоко месечно ниво од август 2008 година наваму, но заради високата споредбена основа забележа забавен годишен раст од 4,1%.

**... растот на извозот најмногу е резултат на зголемениот извоз на машини...**




Извор:ДЗС.

Најголем придонес за годишниот раст на извозот имаат машините, а потоа железото и челикот, хемиските производи и облеката.

**... а повисокиот увоз произлегува од енергијата...**




Извор:ДЗС.

За растот на увозот најмногу придонесува енергијата (пред сè нафтените деривати), при помал придонес на увозот на хемиски производи.

**... при мали промени кај РЕДК...**




Извор:НБРМ.

Во декември, кај показателите за ценовната конкурентност на македонската економија не беа забележани поголеми поместувања на годишна основа. РЕДК мерен според трошоците на живот и натаму депрецира (0,6%), додека РЕДК мерен според индексот на цените на производителите продолжи да апрецира (2%).

**... во услови на апрецијација на НЕДК на годишна основа.**




Извор:НБРМ.

Во декември, индексот на НЕДК забележа мала апрецијација на годишна основа (0,7%), главно заради апрецијацијата на денарот во однос на турската лира и руската рубља. Истовремено, релативните цени пресметани според двата ценовни индекса забележаа дивергентни движења (релативните потрошувачки цени забележаа пад, во услови на побрз раст на странските од домашните цени, додека релативните цени на производителите оствари раст, при поголем пораст на домашните во однос на странските цени).

**Зголемен нето-откуп на менувачкиот пазар во јануари...**




Извор:НБРМ.

Годишниот раст на нето-откупот на менувачкиот пазар продолжи и во првиот месец од 2012 година, но со забавена динамика и изнесува 64,3%.

**... во услови на раст на понудата и пад на побарувачката на девизи.**




Извор:НБРМ.

Во текот на јануари, растот на понудата на девизи на годишна основа забави (42,7%), а побарувачката и натаму бележи пад (од 12,6%).

**Девизните резерви во јануари се речиси непроменети...**




Извор:НБРМ.

Во јануари, бруто девизните резерви се речиси непроменети во однос на крајот на 2011 година (минимален пад од 1,7 милиони евра).

**... при дивергентни движења кај одделните компоненти.**




Извор:НБРМ

Имено, влијанието од нето-одливите врз основа на трансакции за сметка на државата и на задолжителна резерва на банките во девизи, беше речиси во целост неутрализирано од позитивните валутни промени и промените на цената на златото и нето-откупот на девизи од страна на НБРМ на девизниот пазар.

**Годишниот раст на примарните пари во јануари е со забавена динамика...**




*Се однесува на примарни пари со вклучена задолжителна резерва во девизи.

Извор: НБРМ

Годишниот раст на примарните пари во јануари забави (5,6%), при значително забавување на растот на вкупните ликвидни средства на банките и натамошен висок раст на готовите пари во оптек[7].

**... при пад на месечна основа, во услови кога монетарните инструменти придонесуваа за повлекување примарни пари.**




Извор: НБРМ.

*Позитивна промена - креирање примарни пари; негативна промена - повлекување примарни пари.*

Примарните пари забележаа намалување на месечна основа, наспроти високиот раст во претходниот месец, што во најголем дел се должи на оствареното повлекување примарни пари преку монетарните инструменти, во услови кога автономните фактори имаа мал придонес за креирањето примарни пари.

**Годишниот раст на депозитите во јануари умерено забрза.**




Извор: НБРМ.

Во јануари, вкупните депозити (со вклучени депозитни пари)[8] остварија умерено забрзување на растот од 9,6% на годишна основа, наспроти 9,2% во декември 2011 година.

---

[7] Се однесува на готовите пари во оптек и готовината во благајната на банките.

[8] Почнувајќи од јануари 2009 година, депозитите вклучуваат и пресметана камата.

**Од валутен аспект, поголем дел од растот и натаму произлегува од растот на депозитите во домашна валута...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на валутната структура, денарските депозити и натаму имаат позначителен придонес за годишниот раст на вкупниот депозитен потенцијал, при што нивниот придонес во последните два месеца значително зајакна во споредба со претходниот период.

**...од секторски аспект, новото штедење на годишна основа главно произлегува од секторот „домаќинства“...**




Извор: НБРМ.

Најголем дел од растот на вкупните депозити произлегува од зголеменото штедење на домаќинствата, коешто во последните три месеци има релативно стабилен придонес во растот на вкупните депозити.

**...од рочен аспект, позначителен е придонесот на краткорочните депозити.**




Извор: НБРМ

Како и во претходниот месец, краткорочните депозити во јануари имаат поголем придонес кон растот на вкупните депозити, додека позитивниот придонес на долгорочните депозити умерено се намали.

**Годишниот раст на најшироката парична маса со забрзана динамика во јануари...**




Извор: НБРМ.

Во јануари, монетарните агрегати растеа со забрзана годишна динамика, при што најизразено забрзување беше забележано кај монетарниот агрегат M1. Најшироката парична маса M4, во јануари на годишна основа, беше повисока за 10%, наспроти 9,7% во декември.

**... што во најголем дел произлегува од забрзаниот раст на депозитните пари.**




Извор: НБРМ.

Забрзувањето на стапката на раст на M4 во јануари во најголем дел го одразува забрзувањето на стапката на годишен раст на депозитните пари, при стабилен раст на готовите пари во оптек и на краткорочните депозити и умерено забавување на растот на долгорочните депозити.

**Умерено забрзување на годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Во јануари, вкупните кредити продолжија да се зголемуваат со умерена динамика, при што на годишна основа беа повисоки за 9%, наспроти 8,5% во декември 2011 година.

**...од валутен аспект, поголем дел од растот е предизвикан од девизните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот во годишниот раст на вкупните кредити, девизното кредитирање и понатаму има позначително учество, при натамошно умерено зголемување на придонесот на денарските кредити (тренд карактеристичен за последните три месеци).

**...од секторски аспект, корпоративните кредити и понатаму се со најголема улога во годишниот раст на вкупните кредити...**




Извор: НБРМ.

Од аспект на придонесот на двата главни сектора, најголем дел од годишниот раст на вкупните кредити и понатаму се должи на растот на корпоративните кредити.

**...од рочен аспект, порастот на вкупните кредити речиси во целост произлегува од растот на долгорочните кредити.**




Извор: НБРМ.

Во јануари продолжува трендот на висок позитивен придонес на долгорочните кредити, додека придонесот на краткорочните кредити повторно е незначително позитивен (наспроти негативниот придонес во текот на речиси целата 2011 година).

**Показателот за покриеноста на кредитите со депозити е речиси на нивото од претходниот месец.**




Извор: НБРМ.

Во јануари, показателот за покриеноста на кредитите со депозити е речиси на нивото од претходните три месеци (од околу 89%), што укажува на нецелосна искористеност на депозитниот потенцијал за кредитирање на приватниот сектор, односно постоење на простор за поголема кредитна активност во наредниот период.

**Каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити е на стабилно ниво во јануари.**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на меѓубанкарскиот пазар на депозити се одржаа на стабилно ниво, при непроменета основна каматна стапка на НБРМ.

**Вкупните денарски активни и пасивни каматни стапки во декември се на нивото од претходниот месец...**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на денарските кредити и на денарските депозити кај банките, во декември, се задржаа на нивото од претходниот месец.

**...при мало намалување на вкупните девизни активни и пасивни камати.**




Извор: НБРМ

Каматните стапки на вкупните девизни кредити и на вкупните девизни депозити забележаа мало намалување на месечна основа.

**Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити е минимално пониска во однос на претходниот месец...**




Извор: НБРМ

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити забележа мало намалување во однос на претходниот месец, при благ раст на каматната стапка на новопримените денарски депозити.

**...при намалување на каматната стапка на новоодобрените девизни кредити.**




Извор: НБРМ

Каматната стапка на новоодобрените девизни кредити бележи намалување на месечна основа, при мал раст на каматната стапка на новопримените девизни депозити.

# СТАТИСТИЧКИ ПРИЛОГ

Табела 1

## ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ - ИНФЛАЦИЈА И НЕЈЗИНИТЕ КОМПОНЕНТИ

| | I.2012 / XII.2011 | I.2012 / I.2011 | I.2012 / XII.2011 | I.2012 / I.2011 |
|---|---|---|---|---|
| | *промена во %* | | *придонес во процентни поени* | |
| **Вкупно** | ***1.2*** | ***3.4*** | ***1.2*** | ***3.4*** |
| **Исхрана** | **1.0** | **3.5** | **0.4** | **1.4** |
| Производи од жито | -0.1 | 8.6 | 0.0 | 0.5 |
| Свеж и преработен зеленчук | 6.9 | 8.3 | 0.4 | 0.5 |
| Свежо и преработено овошје | -1.7 | -6.3 | 0.0 | -0.2 |
| Свежо и преработено месо | 0.5 | 3.9 | 0.0 | 0.3 |
| Свежа и преработена риба | -0.1 | 5.9 | 0.0 | 0.1 |
| Свежо и преработено млеко | 0.3 | 2.5 | 0.0 | 0.2 |
| Свежи јајца | -0.4 | -1.2 | 0.0 | 0.0 |
| Маснотии | -1.4 | -9.0 | 0.0 | -0.2 |
| **Тутун и пијалаци** | **-0.1** | **0.1** | **0.0** | **0.0** |
| **Облека и обувки** | **-0.1** | **1.3** | **0.0** | **0.1** |
| **Домување** | **4.4** | **7.7** | **0.7** | **1.2** |
| Стан (станарина, вода, услуги) | 1.5 | 3.0 | 0.0 | 0.1 |
| Огрев и осветление | 6.4 | 11.5 | 0.6 | 1.1 |
| Греење и услуги | 3.6 | 7.3 | 0.1 | 0.2 |
| Електрична енергија и осветлување | 7.7 | 13.5 | 0.5 | 0.9 |
| **Хигиена и здравје** | **0.2** | **1.6** | **0.0** | **0.2** |
| **Култура и разонода** | **0.3** | **0.7** | **0.0** | **0.0** |
| **Сообраќајни средства и услуги** | **0.7** | **2.8** | **0.1** | **0.4** |
| Течни горива и масла | 2.1 | 5.8 | 0.1 | 0.3 |
| Сообраќајни и птт услуги | -0.4 | -0.9 | 0.0 | -0.1 |
| **Ресторани и хотели** | **0.0** | **2.5** | **0.0** | **0.1** |
| **Останати услуги неспомнати на друго место** | **0.0** | **1.1** | **0.0** | **0.0** |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Табела 2

## ИНФЛАЦИЈА, ПРОДУКТИВНОСТ И ПЛАТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | | | последни месеци | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | сеп 11 | окт 11 | ное 11 | дек 11 | јан 12 |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | | |
| Инфлација (CPI) | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 0.5 | 1.1 | 1.8 | 2.9 | 4.1 | 4.7 | 3.6 | 3.2 | 3.4 | 3.3 | 3.5 | 2.8 | 3.4 |
| Инфлација (CPI) - просек на кумулативна основа | 8.3 | -0.8 | 1.6 | 0.5 | 0.8 | 1.1 | 1.6 | 4.1 | 4.4 | 4.1 | 3.9 | 4.1 | 4.1 | 4.0 | 3.9 | 3.4 |
| Базична инфлација (без храна и енергија) | 2.6 | 0.3 | 0.2 | -0.2 | 0.1 | 0.2 | 0.6 | 1.0 | 1.2 | 1.3 | 0.9 | 1.5 | 1.3 | 0.9 | 0.6 | 1.3 |
| Регулирани цени | 9.3 | -1.8 | 11.3 | 12.9 | 11.9 | 9.9 | 10.3 | 7.1 | 6.9 | 6.8 | 7.0 | 7.5 | 7.5 | 7.5 | 6.2 | 9.7 |
| Цени на производители на индустриски п-ди | 10.2 | -7.0 | 8.7 | 7.3 | 10.5 | 8.4 | 8.6 | 13.6 | 11.6 | 10.2 | 9.1 | 10.0 | 8.6 | 10.4 | 8.3 | 5.1 |
| Продуктивност | 1.9 | -4.2 | 0.4 | 0.4 | 3.0 | 1.1 | -2.8 | 0.2 | 2.3 | 2.4 | - | - | - | - | - | - |
| Номинална нето-плата* | 10.3 | 9.8 | 3.0 | 3.3 | 2.2 | 2.9 | 3.6 | 1.9 | 1.5 | 1.6 | - | 0.5 | 1.5 | 1.0 | - | - |
| Реална нето-плата* | 1.9 | 10.8 | 1.4 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | -3.1 | -1.9 | - | -2.8 | -1.7 | -2.4 | - | - |

*За 2009 година податокот е корегиран од структурната промена поради примената на концептот за бруто-плати, кој ги вклучува надоместоците за храна и превоз во платите.

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија и НБРМ.

## Табела 3

### НОМИНАЛНА И РЕАЛНА НЕТО-ПЛАТА ПО ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ*

| | 2011 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | сеп. | окт. | ное. | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | сеп. | окт. | ное. |
| | *номинални годишни промени во %* | | | | | | *реални годишни промени во %* | | | | | |
| **Вкупно** | 1.9 | 1.5 | 1.6 | 0.5 | 1.5 | 1.0 | -2.1 | -3.1 | -1.9 | -2.8 | -1.7 | -2.4 |
| ***Земјоделство*** | -1.2 | 3.8 | 4.6 | 4.3 | 9.0 | 5.0 | -5.1 | -0.9 | 1.0 | 0.9 | 5.5 | 1.5 |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | -1.2 | 3.8 | 4.6 | 4.3 | 9.0 | 5.0 | -5.1 | -0.9 | 1.0 | 0.9 | 5.5 | 1.5 |
| ***Индустрија*** | 2.2 | 2.9 | 2.5 | 1.2 | 2.7 | 2.4 | -1.8 | -1.8 | -1.1 | -2.1 | -0.6 | -1.1 |
| Рударство и вадење на камен | 7.8 | 3.6 | 5.1 | 2.4 | 4.0 | 2.0 | 3.5 | -1.1 | 1.5 | -1.0 | 0.7 | -1.4 |
| Преработувачка индустрија | 4.4 | 3.9 | 3.7 | 2.6 | 4.1 | 4.0 | 0.3 | -0.8 | 0.1 | -0.8 | 0.8 | 0.5 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -2.7 | 1.0 | -0.3 | -1.1 | 0.8 | 1.2 | -6.6 | -3.6 | -3.8 | -4.4 | -2.5 | -2.2 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | 2.3 | 4.7 | 4.0 | 2.3 | 3.1 | 4.1 | -1.7 | 0.0 | 0.4 | -1.1 | -0.2 | 0.6 |
| Градежништво | 3.5 | 3.0 | 2.3 | 1.9 | 3.2 | 1.9 | -0.6 | -1.7 | -1.2 | -1.5 | -0.1 | -1.6 |
| ***Услуги*** | 3.0 | 5.1 | 4.2 | 2.1 | 3.2 | 2.6 | -1.0 | 0.4 | 0.5 | -1.3 | -0.1 | -0.9 |
| Трговија на големо и трговија на мало;поправка на моторни возила и мотоци | -0.6 | -1.8 | -0.1 | -1.7 | -2.1 | -1.0 | -4.5 | -6.2 | -3.6 | -4.9 | -5.2 | -4.3 |
| Транспорт и складирање | 2.4 | 2.5 | 6.9 | 3.2 | 2.1 | 1.2 | -1.6 | -2.1 | 3.2 | -0.2 | -1.2 | -2.3 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 0.0 | -0.9 | 1.4 | 4.7 | 1.2 | -0.3 | -3.9 | -5.4 | -2.2 | 1.3 | -2.0 | -3.7 |
| Информации и комуникации | 1.2 | 23.8 | 2.2 | 1.1 | 0.5 | -2.0 | -2.8 | 18.3 | -1.4 | -2.2 | -2.7 | -5.4 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 11.0 | 2.4 | 4.2 | 4.5 | 4.2 | 7.1 | 6.6 | -2.2 | 0.5 | 1.1 | 0.8 | 3.5 |
| Дејности во врска со недвижен имот | -4.2 | -1.4 | 5.3 | 1.0 | 6.1 | 4.1 | -8.0 | -5.8 | 1.7 | -2.3 | 2.7 | 0.6 |
| Стручни, научни и технички дејности | 2.8 | 6.0 | 8.7 | 5.2 | 7.1 | 10.1 | -1.2 | 1.2 | 4.9 | 1.7 | 3.6 | 6.4 |
| Административни и помошни услужни дејности | -6.6 | -5.1 | -8.2 | -11.4 | -6.9 | -2.9 | -10.3 | -9.4 | -11.4 | -14.3 | -9.8 | -6.2 |
| Јавна управа и одбрана;задолжително социјано осигурување | -0.2 | -0.8 | 0.3 | -0.4 | 0.6 | 0.1 | -4.1 | -5.2 | -3.2 | -3.7 | -2.6 | -3.3 |
| Образование | 4.2 | -0.5 | -0.6 | -0.3 | -0.4 | -1.0 | 0.1 | -5.0 | -4.1 | -3.6 | -3.6 | -4.4 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | -1.2 | 0.6 | 0.7 | -0.5 | 3.4 | 0.1 | -5.1 | -3.9 | -2.8 | -3.8 | 0.1 | -3.3 |
| Уметност, забава и рекреација | 6.8 | 7.2 | 8.4 | 6.0 | 10.5 | 9.6 | 2.6 | 2.4 | 4.6 | 2.5 | 7.0 | 5.9 |
| Други услужни дејности | 19.0 | 26.5 | 25.8 | 14.3 | 14.1 | 5.4 | 14.3 | 20.8 | 21.5 | 10.5 | 10.4 | 1.8 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

*ДЗС почнувајќи од јануари 2011 година податоците за платите ги објавува според НКД Рев.2. Податоците од новата класификација не се споредливи со расположливите податоци од старата класификација.

## Табела 4

### ИНДУСТРИСКО ПРОИЗВОДСТВО И ОСТАНАТИ ЕКОНОМСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | | | Најнови податоци | | | | кумулатив 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Сеп-11 | Окт-11 | Ное-11 | Дек-11 | |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | | |
| Бруто домашен производ | 5.0 | -0.9 | 1.8 | -0.4 | 1.7 | 1.8 | 3.5 | 5.3 | 5.0 | 2.3 | - | - | - | - | - | 4.1 |
| Индустриско производство | 5.1 | -8.7 | -4.8 | -9.3 | -0.9 | -3.6 | -6.0 | 13.8 | 5.3 | 1.4 | -4.7 | -2.3 | -3.8 | -5.3 | -4.8 | 3.3 |
| Градежништво | 25.6 | 13.7 | 14.9 | 7.6 | -7.4 | 35.9 | 20.3 | 61.8 | 60.0 | 17.4 | - | 31.2 | 1.1 | 52.4 | - | 36.3 |
| Трговија | 11.8 | -7.4 | 7.3 | 3.9 | 6.1 | 9.0 | 9.5 | 12.4 | 7.0 | 5.7 | - | 8.6 | 4.3 | 5.1 | - | 7.4 |
| Телекомуникации | 8.9 | 6.6 | 18.3 | 17.3 | 18.8 | 15.9 | 21.2 | 13.2 | 16.6 | 17.4 | - | 17.3 | 19.1 | 22.9 | - | 16.8 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

## Табела 5

### СЕЛЕКТИРАНИ ИНДУСТРИСКИ ДЕЈНОСТИ

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 | | | | 2011 | | | | декември 2011 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | |
| | *годишни промени во %* | | | | | | | | | | | *промена, %* | *придонес, п.п.* |
| Рударство и вадење на камен | 9.4 | -12.4 | -3.8 | -6.4 | -0.4 | 5.1 | -12.5 | 7.9 | 14.6 | -5.2 | 13.4 | 13.2 | 0.5 |
| Производство на прехранбени производи | 7.6 | -2.3 | 2.8 | 3.2 | 0.4 | 7.3 | 0.5 | -3.8 | 0.8 | -6.0 | 11.2 | 9.0 | 1.2 |
| Производство на пијалаци | 9.9 | -0.3 | -9.2 | -8.4 | -9.2 | -3.5 | -14.2 | -17.4 | -16.5 | -9.7 | -12.3 | 30.6 | 1.6 |
| Производство на тутунски производи | 1.9 | -3.2 | 19.6 | 15.4 | -14.0 | 29.0 | 66.4 | 1.3 | 43.1 | 21.8 | -3.2 | -20.7 | -1.6 |
| Производство на облека | -20.0 | -11.8 | -4.7 | -5.4 | 1.8 | -10.6 | -3.8 | 35.2 | 26.4 | 11.3 | 6.4 | 17.7 | 1.2 |
| Печатење и продукција на снимени медиуми (записи) | 57.3 | 26.8 | -34.2 | -52.8 | -44.7 | -17.1 | -14.5 | 8.6 | 6.4 | -15.7 | -15.5 | -8.3 | -0.2 |
| Производство на кокс и рафинирани нафтени производи | 1.6 | -8.9 | -6.2 | -46.9 | 14.8 | 19.6 | 14.5 | 43.0 | -46.2 | -23.0 | -37.6 | -19.5 | -0.9 |
| Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати | 25.2 | -13.2 | -2.8 | -4.8 | 4.4 | -6.1 | -4.7 | 11.0 | 5.1 | 5.0 | 10.8 | 11.4 | 0.4 |
| Производство на други неметални минерални производи | -3.0 | -12.1 | -14.2 | -25.8 | -21.8 | -2.1 | -7.8 | 13.1 | 14.5 | 11.4 | -0.1 | 17.7 | 0.6 |
| Производство на метали | -5.3 | -43.0 | 31.8 | 46.4 | 24.2 | 31.4 | 30.0 | 34.0 | 11.1 | 7.7 | -16.1 | -22.8 | -3.0 |
| Производство на фабрикувани метални производи, освен машини и опрема | 52.0 | 38.8 | -53.5 | -52.7 | 23.3 | -62.4 | -62.5 | 30.8 | -11.0 | -29.7 | -16.3 | -24.1 | -1.6 |
| Производство на електрична опрема | 27.8 | -24.8 | -43.2 | -69.7 | -58.1 | -15.3 | -5.3 | 2,9 пати | 2,9 пати | 2,2 пати | 22.9 | 24.1 | 0.6 |
| Производство на останата опрема за транспорт | -18.4 | -46.4 | 44.5 | 5.5 | 45.4 | 26.9 | 93.8 | 3,6 пати | 79.2 | 2,2 пати | 37.8 | -14.2 | -0.3 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | -3.1 | 8.7 | 14.4 | 19.1 | 38.5 | 6.9 | -3.8 | -3.1 | -21.6 | -16.7 | -4.1 | -15.3 | -2.1 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Македонија.

Табела 6

**ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ЛИЧНАТА ПОТРОШУВАЧКА**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | 2011 Кв.3 | 2011 Кв.4 | Најнови податоци Сеп-11 | Окт-11 | Ное-11 | Дек-11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | |
| Промет во трговија на мало* | 3.1 | -2.9 | 2.2 | 0.9 | 1.5 | 4.4 | 1.7 | 31.4 | 1.8 | 6.1 | - | 6.7 | 1.6 | 0.5 | - |
| Приходи од ДДВ* | 1.4 | -1.9 | 5.4 | -0.1 | 23.1 | 6.0 | -4.2 | 15.1 | -0.5 | 7.3 | 10.6 | 11.6 | 7.1 | 21.0 | 5.1 |
| Увоз на  стоки за широка потрошувачка* | 7.9 | -5.3 | 10.1 | 2.4 | 16.2 | 20.3 | 2.3 | 2.1 | -3.0 | -7.1 | 3.1 | -6.5 | 5.5 | 7.4 | -3.0 |
| Домашно производство на потрошни добра | 5.8 | -4.6 | -1.8 | -5.8 | -7.5 | 2.5 | 2.7 | 8.2 | 16.4 | 3.9 | 0.4 | -1.2 | 3.6 | -6.2 | 4.9 |
| Кредити на население* | 31.8 | 4.0 | 2.2 | -0.4 | 0.8 | 2.1 | 2.2 | 1.4 | 2.8 | 4.0 | 5.1 | 4.0 | 4.2 | 4.1 | 5.1 |
| Просечна нето-плата* | 1.9 | 10.7 | 1.4 | 2.8 | 1.1 | 1.1 | 0.7 | -2.1 | -3.1 | -1.9 | - | -2.8 | -1.7 | -2.4 | - |
| Приватни нето-трансфери* | -12.5 | 16.4 | 22.2 | 105.5 | 30.6 | 3.3 | 0.5 | -7.7 | -12.8 | 1.3 | - | 6.8 | 16.0 | 7.0 | - |
| Пензии* | 8.4 | 9.5 | 1.1 | 2.5 | 2.1 | 0.0 | 0.0 | -0.9 | -0.2 | 0.2 | 2.5 | 0.1 | 3.0 | 2.1 | 2.3 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 7

**ИНДИКАТИВНИ КАТЕГОРИИ ЗА ИНВЕСТИЦИИТЕ**

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2010 Кв.1 | 2010 Кв.2 | 2010 Кв.3 | 2010 Кв.4 | 2011 Кв.1 | 2011 Кв.2 | 2011 Кв.3 | 2011 Кв.4 | Најнови податоци Сеп-11 | Окт-11 | Ное-11 | Дек-11 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | *реални годишни промени во %* | | | | | | | | | | | | | | |
| Увоз на средства за работа* | 22.3 | -6.4 | -14.8 | -35.5 | -12.4 | 1.7 | -9.6 | 10.0 | 14.9 | 8.1 | -7.3 | 4.7 | -6.1 | 6.7 | -17.3 |
| Извршени градежни работи* | 16.3 | 14.9 | 12.9 | 7.1 | -8.4 | 33.5 | 17.0 | 55.4 | 52.8 | 13.4 | - | 26.9 | -2.1 | 47.2 | - |
| Домашно производство на капитални производи | -1.0 | -23.1 | -10.8 | -27.7 | -5.9 | -12.7 | 5.1 | 64.5 | 44.7 | 43.0 | 18.6 | 48.1 | 17.3 | 70.3 | -12.7 |
| Државни капитални инвестиции* | 36.7 | -32.3 | 12.4 | 24.0 | -26.4 | 73.8 | -1.5 | 19.5 | 70.8 | -16.5 | -0.8 | -19.1 | -19.0 | 2.2 | 9.1 |
| Странски директни инвестиции* | 3.9 | -22.6 | -21.8 | -62.5 | -83.4 | 23.2 | 380.0 | 591.8 | 21.1 | 57.0 | - | -76.4 | 365.9 | 108.1 | - |
| Долгорочни кредити на претпријатија* | 25.9 | 8.6 | 9.1 | 4.5 | 7.8 | 8.8 | 9.1 | 10.3 | 12.9 | 11.5 | 6.6 | 11.5 | 10.6 | 9.1 | 6.6 |
| Залихи на готови производи | -5.6 | -2.1 | -3.3 | -6.8 | -18.0 | -6.7 | -5.8 | 6.0 | 19.5 | 18.2 | 6.0 | 21.8 | 17.8 | -0.5 | 2.2 |

*реалните стапки на раст се пресметени од НБРМ, со делење на номиналните стапки на раст со годишната инфлација, мерена според трошоците на живот.

Извор: Државен завод за статистика, Министерство за финансии и пресметки на НБРМ.

Табела 8

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (Централен буџет и буџети на фондови)

| во милиони денари | 2010 | | | | Вкупно 2010 | 2011 | | | | | | | Вкупно 2011 | годишни стапки на промени во 2011 година (во %) | | | | | | | 2011 | процент на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Октомври | Ноември | Декември | | Кв.1 | Кв.2 | Кв.3 | Кв.4 | Октомври | Ноември | Декември | | 2011 год. |
| ***ВКУПНИ ПРИХОДИ*** | ***29,521*** | ***32,322*** | ***36,134*** | ***34,173*** | ***132,150*** | ***31,422*** | ***36,042*** | ***34,444*** | ***35,258*** | ***10,859*** | ***11,206*** | ***13,193*** | ***137,166*** | ***6.4*** | ***11.5*** | ***-4.7*** | ***3.2*** | ***1.2*** | ***6.0*** | ***2.5*** | ***3.8*** | ***92.4*** |
| **Даночни приходи и придонеси** | **25,295** | **28,151** | **29,176** | **29,818** | **112,440** | **27,332** | **29,519** | **30,461** | **31,357** | **9,763** | **10,076** | **11,518** | **118,669** | **8.1** | **4.9** | **4.4** | **5.2** | **5.6** | **9.9** | **1.0** | **5.5** | **97.0** |
| Даночни приходи (ССП)* | 177 | 160 | 196 | 282 | 815 | 192 | 146 | 151 | 215 | 66 | 70 | 79 | 704 | 8.5 | -8.8 | -23.0 | -23.8 | 11.9 | 27.3 | -53.0 | -13.6 | 152.1 |
| Даноци | 16,009 | 18,528 | 19,209 | 19,192 | 72,938 | 18,002 | 19,411 | 20,247 | 20,546 | 6,530 | 6,615 | 7,401 | 78,206 | 12.4 | 4.8 | 5.4 | 7.1 | 8.4 | 13.3 | 1.0 | 7.2 | 98.4 |
| Персонален данок на доход | 2,111 | 2,116 | 2,085 | 2,560 | 8,872 | 2,242 | 2,325 | 2,288 | 2,658 | 696 | 830 | 1,132 | 9,513 | 6.2 | 9.9 | 9.7 | 3.8 | -4.1 | 11.0 | 4.2 | 7.2 | 94.8 |
| Данок на добивка | 879 | 623 | 1,154 | 1,034 | 3,690 | 920 | 1,496 | 731 | 741 | 229 | 220 | 292 | 3,888 | 4.7 | 140.1 | -36.7 | -28.3 | 2.7 | -10.9 | -48.2 | 5.4 | 106.9 |
| ДДВ | 8,204 | 9,734 | 9,929 | 9,827 | 37,694 | 9,834 | 10,140 | 11,037 | 11,213 | 3,481 | 3,731 | 4,001 | 42,224 | 19.9 | 4.2 | 11.2 | 14.1 | 10.6 | 25.2 | 8.1 | 12.0 | 102.4 |
| Акцизи | 3,140 | 3,542 | 4,304 | 3,939 | 14,925 | 3,423 | 3,687 | 4,326 | 4,077 | 1,483 | 1,260 | 1,334 | 15,513 | 9.0 | 4.1 | 0.5 | 3.5 | 10.1 | -1.9 | 2.0 | 3.9 | 97.6 |
| Увозни давачки | 953 | 1,772 | 903 | 1,084 | 4,712 | 809 | 950 | 1,027 | 993 | 321 | 327 | 345 | 3,779 | -15.1 | -46.4 | 13.7 | -8.4 | -7.5 | -7.9 | -9.7 | -19.8 | 66.2 |
| Други даноци | 722 | 741 | 834 | 748 | 3,045 | 774 | 813 | 838 | 864 | 320 | 247 | 297 | 3,289 | 7.2 | 9.7 | 0.5 | 15.5 | 37.3 | 8.3 | 3.5 | 8.0 | 109.6 |
| Придонеси | 9,109 | 9,463 | 9,771 | 10,344 | 38,687 | 9,138 | 9,962 | 10,063 | 10,596 | 3,167 | 3,391 | 4,038 | 39,759 | 0.3 | 5.3 | 3.0 | 2.4 | 0.0 | 3.6 | 3.5 | 2.8 | 93.9 |
| Фонд за ПИОМ | 6,162 | 6,385 | 6,613 | 6,977 | 26,137 | 6,188 | 6,740 | 6,792 | 7,170 | 2,143 | 2,301 | 2,726 | 26,890 | 0.4 | 5.6 | 2.7 | 2.8 | 0.2 | 4.1 | 3.7 | 2.9 | 93.9 |
| Агенција за вработување | 400 | 400 | 412 | 439 | 1,651 | 388 | 425 | 434 | 452 | 135 | 144 | 173 | 1,699 | -3.0 | 6.3 | 5.3 | 3.0 | 0.7 | 3.6 | 4.2 | 2.9 | 96.3 |
| Фонд за здравствено осигурување | 2,547 | 2,678 | 2,746 | 2,928 | 10,899 | 2,562 | 2,797 | 2,837 | 2,974 | 889 | 946 | 1,139 | 11,170 | 0.6 | 4.4 | 3.3 | 1.6 | -0.7 | 2.4 | 2.7 | 2.5 | 93.5 |
| **Неданочни приходи** | **3,703** | **3,020** | **6,284** | **3,563** | **16,570** | **2,922** | **3,585** | **3,358** | **2,979** | **883** | **894** | **1,202** | **12,844** | **-21.1** | **18.7** | **-46.6** | **-16.4** | **-29.4** | **-26.0** | **8.8** | **-22.5** | **79.9** |
| Неданочни приходи (ССП) | 1,864 | 1,431 | 1,821 | 1,320 | 6,436 | 1,677 | 1,536 | 1,523 | 1,260 | 444 | 447 | 369 | 5,996 | -10.0 | 7.3 | -16.4 | -4.5 | -6.1 | 9.0 | -15.6 | -6.8 | 90.1 |
| Профит од јавни финансиски институции | 495 | 63 | 3,157 | 764 | 4,479 | 12 | 22 | 281 | 47 | 26 | 6 | 15 | 362 | -97.6 | -65.1 | -91.1 | -93.8 | -92.4 | -98.5 | 7.1 | -91.9 | 29.4 |
| Народна банка на РМ | 408 | 0 | 0 | 0 | 408 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | -100.0 | | | | | | | -100.0 | 0.0 |
| Агенција за управување со средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | 0 | | | | | | | | | |
| Други приходи од имот | 77 | 37 | 632 | 748 | 1,494 | 6 | 22 | 222 | 28 | 19 | 0 | 9 | 278 | -92.2 | -40.5 | -64.9 | -96.3 | -94.4 | -100.0 | -10.0 | -81.4 | 111.2 |
| Камати од депонирани средства во Н | 8 | 26 | 15 | 15 | 64 | 6 | 0 | 59 | 19 | 7 | 6 | 6 | 84 | -25.0 | -100.0 | 293.3 | 26.7 | 40.0 | 0.0 | 50.0 | 31.3 | 38.2 |
| Дивиденди | 2 | 0 | 2,510 | 1 | 2,513 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | 0 | -100.0 | | -100.0 | -100.0 | | -100.0 | | -100.0 | |
| Административни такси | 448 | 474 | 381 | 472 | 1,775 | 439 | 565 | 383 | 428 | 126 | 140 | 162 | 1,815 | -2.0 | 19.2 | 0.5 | -9.3 | -6.7 | -2.8 | -16.1 | 2.3 | 78.9 |
| Партиципација за здравствени услуги | 85 | 80 | 75 | 75 | 315 | 82 | 90 | 77 | 78 | 25 | 25 | 28 | 327 | -3.5 | 12.5 | 2.7 | 4.0 | 8.7 | -7.4 | 12.0 | 3.8 | 65.4 |
| Други административни такси | 133 | 137 | 115 | 158 | 543 | 127 | 196 | 162 | 183 | 51 | 72 | 60 | 668 | -4.5 | 43.1 | 40.9 | 15.8 | 6.3 | 50.0 | -3.2 | 23.0 | 83.5 |
| Други неданочни приходи | 247 | 289 | 145 | 203 | 884 | 245 | 718 | 425 | 549 | 61 | 56 | 432 | 1,937 | -0.8 | 148.4 | 193.1 | 170.4 | -4.7 | 124.0 | 278.9 | 119.1 | 112.2 |
| Надоместоци за Агенција за патишта | 358 | 446 | 574 | 449 | 1,827 | 340 | 458 | 507 | 434 | 150 | 148 | 136 | 1,739 | -5.0 | 2.7 | -11.7 | -3.3 | -3.2 | 1.4 | -8.1 | -4.8 | 88.7 |
| **Капитални приходи** | **268** | **331** | **227** | **333** | **1,159** | **605** | **2,558** | **232** | **392** | **92** | **88** | **212** | **3,787** | **125.7** | **672.8** | **2.2** | **17.7** | **5.7** | **-8.3** | **41.3** | **226.7** | **65.0** |
| **Странски донации** | **201** | **648** | **281** | **329** | **1,459** | **231** | **277** | **254** | **325** | **109** | **92** | **124** | **1,087** | **14.9** | **-57.3** | **-9.6** | **-1.2** | **-23.2** | **109.1** | **-13.3** | **-25.5** | **28.7** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **56** | **173** | **166** | **130** | **525** | **332** | **103** | **139** | **205** | **12** | **56** | **137** | **779** | **492.9** | **-40.5** | **-16.3** | **57.7** | **50.0** | **3.7** | **101.5** | **48.4** | **194.8** |
| ***ВКУПНИ РАСХОДИ*** | ***33,625*** | ***34,293*** | ***36,644*** | ***38,130*** | ***142,692*** | ***35,148*** | ***40,048*** | ***36,103*** | ***37,350*** | ***11,333*** | ***11,878*** | ***14,139*** | ***148,649*** | ***4.5*** | ***16.8*** | ***-1.5*** | ***-2.0*** | ***-4.5*** | ***3.2*** | ***-4.1*** | ***4.2*** | ***92.9*** |
| **Тековни трошоци** | **30,396** | **31,563** | **31,703** | **33,696** | **127,358** | **31,133** | **35,164** | **31,830** | **32,812** | **10,281** | **10,606** | **11,925** | **130,939** | **2.4** | **11.4** | **0.4** | **-2.6** | **-3.1** | **2.9** | **-6.7** | **2.8** | **95.8** |
| Плати и надоместоци | 5,751 | 5,636 | 5,588 | 5,663 | 22,638 | 5,755 | 5,773 | 5,821 | 5,798 | 1,929 | 1,932 | 1,937 | 23,147 | 0.1 | 2.4 | 4.2 | 2.4 | 3.5 | 2.7 | 1.0 | 2.2 | 99.3 |
| Стоки и услуги | 3,728 | 3,179 | 3,785 | 3,989 | 14,681 | 3,497 | 3,768 | 3,128 | 3,565 | 876 | 1,077 | 1,612 | 13,958 | -6.2 | 18.5 | -17.4 | -10.6 | -41.6 | 8.4 | 7.8 | -4.9 | 81.0 |
